Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на дел од дневни настани 15.12.2024

На 14.12.2024 во 21.00 часот на Транспортен центар во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Аеродром го лишиле од слобода Џ.Ш.(47) од Република Албанија. Тој се сомнича дека претходно во автобус на ЈСП Скопје извршил џепна кражба , при што од чанти на две жени од Скопје одјел паричници. Со него бил извршен службен разговор и бил задржан во полициска станица. По целосно документирање на случајот и во координација со јавен обвинител, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.
На 14.12.2024 во 21.00 часот во Скопје, на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.А.(30) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 14.12.2024 во 20.50 часот во Скопје, на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Љ.Н.(21) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 14.12.2024 во 20.30 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.К.(28) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 14.12.2024 во 15.35 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Е.А.(33) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 14..12.2024 во 17.00 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Е.Б.(18) од Куманово затоа што кај него биле пронајдени и одземени пиротехнички средства. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Н.И.(40) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста" во врска со семејно насилство. На 15.11.2024, по претходна расправија, пријавениот се заканувал на неговата сопруга.

На 14.12.2024 во 23.45 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го привеле А.Ц.(25) од Куманово затоа што кај него биле пронајдени и одземени два ножа. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен поднесок по член 80 од Законот за оружје.

На 14.12.2024 во 20.45 часот во Скопје, на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје привеле малолетник од Тетово затоа што кај него бил пронајдени и одземен метален боксирач. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 14.12.2024 во 19.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на паркинг простор на бул.„Христијан Тодоровски Карпош" во Скопје, патничко возило „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од С.Х.(50) од Скопје, ударило во пешакот Н.Х. (47) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Н.Х., констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза". Увид на местото на несреќата извршила екипа од СВР Скопје.

На 14.12.2024 во 21.20 часот во СВР Тетово било пријавено дека на ул.„Благоја Тоска" во Тетово, патничко возило „опел корса" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Ф.В.(39) од с.Шипковица, тетовско, ударило во пешакот Љ.С.(60) од Тетово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот Љ.С., констатирани во Клиничка болница Тетово. Увид на местото извршила увидна екипа од СВР Тетово.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Е.Е.(24) од с.Групчин, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 19.08.2024 во угостителски објект во с.Групчин, пријавениот физички го нападнал Е.Н..

На 14.12.2024 во 10.20 часот во Полициската станица Драчево, Г.В.(57) од Скопје пријавил дека на на ул.„Жарко Зрењанин" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 14.12.2024 во 10.20 часот во СВР Куманово, С.К.(80) од с.Пчиња, кумановско, пријавил дека на ул.„Народна Револуција" во Куманово бил каснат од куче скитник.

На 14.12.2024 во 17.00 часот во Полициската станица Кичево, К.Б.(42) од Кичево нпријавил дека на ул.„4 Јули" бил каснат од куче скитник.

На 14.12.2024 во 23.15 часот на плажа во Струга, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при ОВР Струга го приведоа П.С.(40) од Струга. Откако ги забележал полициските службеници, тој исфрлил марихуана, која е пронајдена и одземена. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.12.2024 во 06.45 часот во близина на с.Наколец, ресенско, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Маркова нога извршиле контрола на патничко возило „опел фронтера" со ресенски регистарски ознаки, управувано од Д.Е. (32) од с.Наколец, а сопатници биле Д.Г.(57) од с.Наколец, Д.К.(70) од с.Љубојно и Д.Ј. (29) од с.Наколец. Притоа, кај Д.Г. и Д.К. биле пронајдени ловечки пушки со дозволи, кои не биле во соодветни футроли и притоа двајцата се поднесени прекршочни платни налози по Законот за оружје. Исто така, во возилото била пронајдена и една ловечка пушка без документ. Со лицата бил извршен службен разговор, по што во консултација со јавен обвинител, поради сомнение за сторено кривично дело по член 396, од слобода бил лишен Ј. Д. и бил предаден на ОВР Ресен за понатамошна постапка.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против Ф.Л.(22) од Дебар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". При преглед во патничко возило „фолксваген голф", во кое се превезувал, полициските службеници кај него пронајдоа и одседоа марихуана и дробилка.

На 15.12.2024 во 01.00 часот, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода В.А.(43) од струмичко село, постапувајќи по претходна пријава дека во семејниот дом се заканувал на неговата 39 – годишна сопруга. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.12.2024 во 22.50 часот во Штип, полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода С.Д.(36) од Штип, постапувајќи по претходна пријава дека физички нападнал членови на семејството. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Б.З.(20) и А.С.(20), двајцата од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 04.12.2024, полициски службеници извршиле претрес во угостителски објект во Гостивар и кај пријавените, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 14.12.2024 во 17.00 часот, полициски службеници од ОВР Кавадарци ја лишиле од слобода Е.К.(34) од село во општина Росоман, постапувајќи по претходна пријава дека физички ја нападнала нејзината свекрва. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.12.2024 во 01.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје, постапувајќи по претходна пријава дека во семејниот дом физички ги нападнал неговите мајка и татко. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Б.Н.(41) од с.Слатино, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „узурпација на недвижности" и „бесправно градење". Во својство на инвеститор, на место викано „Втриште", пријавениот изградил викена куќа без да поседува документација издадена од надлежен орган.

На 14.12.2024 во 14.18 часот во СВР Скопје, од Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје било пријавено дека кај нив биле донесени Ш.С.(57) со тешки телесни повреди и Р.Р.(31) со телесни повреди, двајцата од с.Бојане, скопско. Според пријавеното, тие се здобиле со повредите при извршување градежни работи во с.Липково за фирма од Скопје. Увид на местото извршиле екипа на СВР Куманово и трудов инспектор и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.12.2024 во 21.45 часот на локалниот пат Петровец – Катланово, во с.Ржаничино, скопско, полициски службеници го приведе В.Л.(42) од с.Ржаничино затоа што агресивно се однесувал кон нив додека извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.12.2024 во 04.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Струмјани" на подрачјето на Ѓорче Петров било опожарено патничко возило „тојота рав 4" со скопски регистарски ознаки, сопственост на М.П. од Скопје. Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје. Увид бил извршен и се работи на расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против И.И.(28) од с.Голема Речица, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 19.11.2024, полициски службеници во Тетово извршиле преглед над патничко возило „форд", управувано од пријавениот, при што било утврдено дека врши јавен превоз без да поседува лиценца издадена од надлежен орган.

На 15.12.2024 во 05.40 часот во Полициската станица Гевгелија, Ѓ.Ц.(33) од Гевгелија пријавил дека во 04.00 часот во угостителски објект во Гевгелија бил физички нападнат од едно лице вработено како обезбедување во објектот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.12.2024 во 22.00 часот во СВР Куманово, В.М.(46) од Куманово пријавила дека околу 20.00 часот пред зградата во која живеат, нејзината малолетна ќерка била физички нападната од четири други малолетнички. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.12.2024 во 16.00 часот во Полициската станица Кочани, А.Д.(38) од Кочани пријавил дека во Кочани, неговиот малолетен син бил физички нападант од С.Р., Е.А. и двајца малолетници, сите од Кочани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.12.2024 во 11.55 часот во СВР Скопје било пријавено дека во домот на подрачјето на Бит Пазар била пронајдена почината С.С.(89) од Скопје. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт, увид извршила екипа од СВР Скопје, а по наредба на јавен обвинител телото на починатата било дадено на одбукција.

На 14.12.2024 во 19.05 часот во СВР Велес било пријавено дека околу 18.50 часот настанал пожар во куќа на ул.„Љубен Весов" во Велес. Притоа, од здобиените повреди и изгореници на местото починал сопственикот Д.М.(64) од Велес. Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Велес, а по наредба на јавен обвинител телото на починатиот било дадено на одбукција.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет